ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 20 ДАТА 22.05.2019 ГОДИНА 37

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 20 ДАТА 22.05.2019 г.


## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА МАЛ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ НЕГОТИНО

**Седница од 20.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЈАНГ БОИС„ Неготино: Асков С. Дилавер, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ОХРИД

**Седница од 21.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ОСК ФЕР ПЛЕЈ„ Охрид: Ристовски Ј. Матеј и Димитријески С. Матеј, по чл. 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 13.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БЕЛИЦА„ с. Д. Белица: Муратоски Емрах, по член 35/1.
ФК „КОРОШИШТА„ с. Корошишта: Мустафов Едмонд, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 21.05.2019 година**

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Прилеп, фудбалерот Ефтинциоски Р. Мартин од Фудбалскиот клуб „Партизан„ од с. Обршани, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

- **Промена на име на фудбалски клуб:**

Согласно Решението од Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС 4016955 од 10.05.2019 година се врши промена на назив скратен и на Статутот на Фудбалскиот клуб Напредок Прилеп и целосниот назив на клубот е Фудбалски клуб „Напредок Крушеани„, скратен назив ФК „Напредок Крушеани„.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 21.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУМАНОВО 2010„ Куманово: Рамадани Аљага и Демири Милазим, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 21.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Груевски О.Кирил, Крушкоски Б. Андреј, Јовчевски Н. Доминик, Филипов З. Михаил и Поповски Т. Михајло, по член 35/1.
ФК „ТАЛЕНТ 2010„ Битола: Селмани И. Адријан, по член 35/1.
ФК „ФОРЦА СПОРТ„ Битола: Мукловски З. Давид и Стефановски Љ. Адам, чл. 35/1.
ЖФК „АТЛЕТИКО„ Битола: Вељановска Н. Кристина, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 21.05.2019 гоидина**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КФГ ГОСТИВАР АД„ Гостивар: Хусеини А. Мерт, по член 35/1.

**Седница од 21.05.2019 година**
**за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „ЉУБОТЕН„ Тетово: Ѓеровска Б. Мирјана, Апостолоска Д. Јована, Анжелковска С. Христина, Павлоска А. Кристина, Србиноска Ц. Тамара Секуловска Б. Милена, по член 35/1.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Јонузи А. Аргент од Фудбалскиот клуб „Ренова АД„ од с. Џепчиште, поради преминување со регистрација во друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 21.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ХЕТ ТРИК„ Скопје: Сали Ричмонд и Настев Стефан, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 21.05.2019 година**

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Консисао Кабрал Јакинто Јуниор го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 21.05.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КУЛ ЗДРАВЈЕ„ Скопје: Димовски С. Кирил, по член 35/1.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 12-978/2
22.05 2019 год.

Комисија за лиценцирање на ФФМ

Врз основа на член 124 од Статутот на ФФМ а во врска со член 10 и 12 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во натпреварувања во организација на УЕФА, Комисијата за жалби за лиценцирање во состав Владимир Ѓорчески - претседавач, Наим Шерифи – зам.претседавач, Златко Чубриновски - член, Тамара Грбевска – член и Жарко Митевски - член на седницата одржана на 20.05.2019 година, постапувајки по жалбата на Друштво за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. **Се одбива жалбата** бр. 12-978/1 од 14.05.2019, изјавена од барателот на лиценца Друштвото за спортски дејности **Фудбалски клуб Вардар АД Скопје** против Решение бр. 11-56/8 од 03.05.2019 на Комисијата за лиценцирање на ФФМ;

2. **Се потврдува Решението бр. 11-56/8** од 03.05.2019 на Комисијата за лиценцирање **на ФФМ** со кое во т.1 **:** се одбива барањето Бр. 11-56/3 од 28.02.2019, в.в пријавата бр. 11-2773/1 од 20.12.2018 година за издавање на лиценца за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје, со седиште на ул. 1732 бр. 2а во Скопје-Центар ЕМБС: 6756263 и ЕДБ: 4080012526200; во т.2 **не се издава лиценца** за учество во натпреварувањето во организација на УЕФА за сезоната 2019/20 на Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб Вардар АД Скопје.

3. Оваа одлука е конечна, диспозитивот на оваа одлука да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

Доставено до:
-Подносителот на барањето
-Макфудбал
-Генерален Секретар на ФФМ

Комисија за лиценцирање на ФФМ
Претседател,
Владимир Ѓорчески

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 09.05.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК РЕНОВА АД - с. Џепчиште се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 33 коло на Прва МФЛ 18/19 помеѓу, ФК БЕЛАСИЦА АД - ФК РЕНОВА АД, ја констатира следната фактичка состојба: Адем Ермедин со ИД 100667 фудбалер на ФК Ренова АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон во 90+3 минута од натпревар поради насилничко однесување во рамки 33 коло на Прва МФЛ на натпреварот ФК Беласица АД-ФК Ренова АД одигран во Струмица на 08.05.2019 година

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК РЕНОВА АД - с. Џепчиште
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 15-963/1

Прва МФЛ: 2018 - 2019

Скопје: 09.05.2019 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 09.05.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК РАБОТНИЧКИ АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 33 коло на Прва МФЛ 18/19 помеѓу, ФК ВАРДАР АД - ФК РАБОТНИЧКИ АД, ја констатира следната фактичка состојба: Вијачки Емил Руменов со ИД 144510 фудбалер на ФК Работнички АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт картон (прв во 43 минута поради спречување акција а втор во 61 минута поради спречување акција за гол) на натпревар во рамки на 33 коло на Прва МФЛ помеѓу ФК Вардар АД –ФК Работнички АД одигран во Скопје на 08.05.2019 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК РАБОТНИЧКИ АД - Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 15-975/1

Втора МФЛ: 2018 - 2019

Скопје: 14.05.2019 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 14.05.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ТЕТЕКС АД - Тетово се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 25 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 18/19 помеѓу, ФК Гоблен Јуниор - ФК ТЕТЕКС АД, ја констатира следната фактичка состојба: Енис Дервиши со ИД 101159 фудбалер на ФК Тетекс АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон во 86 минута поради неспортски однос на натпревар во рамки на 25 коло на Втора МФЛ Запад помеѓу ФК Гоблен Јуниор-ФК Тетекс одигран во Куманово на 11.05.2019 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ТЕТЕКС АД - Тетово
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Број: 15-976/1**

**Втора МФЛ: 2018 - 2019**

**Скопје: 14.05.2019 Година**

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 14.05.2019 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК Гоблен Јуниор - Куманово се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**

3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.

4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 25 коло на Втора МФЛ ЗАПАД 18/19 помеѓу, ФК Гоблен Јуниор - ФК ТЕТЕКС АД, ја констатира следната фактичка состојба: Шенур Незири со ИД 103373 фудбалер на ФК Гоблен Јуниор се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон во 86 минута поради неспортски однос на натпревар во рамки на 25 коло на Втора МФЛ Запад помеѓу ФК Гоблен Јуниор-ФК Тетекс одигран во Куманово на 11.05.2019 година.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК Гоблен Јуниор - Куманово
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам Претседател

Васко Дојчиновски с.р

Фудбалска Федерација на Македонија

Датум 09.05.2019 година

Архивски Број:18-944/1-6.1

Врз основа на член 24 од Статутот на ФФМ, Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ постапувајќи по службена должност врз основа на член 35 од Пропозиции за натпреварување во Втора лига мал фудбал , на натпреварот помеѓу КМФ Град Херој- КМФ Шкупи Скопје според член 80 и 81 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 09.05.2019 донесе:

## *О Д Л У К А*

1. Натпреварот КМФ Град Херој- КМФ Шкупи Скопје во Втора Футсал Лига се регистрира со службен резултат 3-0 за екипата на КМФ Град Херој по службена должност за не одигрување на натпревар.
2. КМФ Шкупи Скопје се предава на понатамошна дисциплинска постапка.
3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ по службена должност го регистрира првенствениот натпревар помеѓу КМФ Град Херој-КМФ Шкупи Скопје со службен резултат 3-0 за екипата на **КМФ Град Херој**,По разгледување на целокупната документација се утврдува дека екипата на КМФ Шкупи Скопје го нема одиграно натпреварот од 24 коло Втора Футсал лига кој требаше да се одигра на 04,05,2019 година во 19,30 во Прилеп.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбитена Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за молби и жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Доставено до**

- КМФ Град Херој
- КМФ Шкупи Скопје

- Мак Фудбал
- Архива

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Комисија за мал фудбал
Претседавач
Добре Иванов с.р.

Фудбалска Федерација на Македонија

Датum 18.05.2019 година

Архивски Број:18-993/2-5.1

Врз основа на член 24 од Статутот на ФФМ, Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ постапувајќи по службена должност врз основа на член 35 од Пропозиции за натпреварување во Втора лига мал фудбал , на натпреварот помеѓу КМФ Карадаку-КМФ Град Херој според член 80 и 81 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 15.05.2019 донесе:

# *ОДЛУКА*

1. Натпреварот КМФ Карадаку-КМФ Град Херој во Втора Футсал Лига се регистрира со службен резултат 3-0 за екипата на КМФ Карадаку по службена должност за не одигрување на натпревар.
2. КМФ Град Херој се предава на понатамошна дисциплинска постапка.
3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ по службена должност го регистрира првенствениот натпревар помеѓу КМФ Карадаку-КМФ Град Херој со службен резултат 3-0 за екипата на **КМФ Карадаку**,По разгледување на целокупната документација се утврдува дека екипата на КМФ КМФ Град Херој го нема одиграно натпреварот од 25 коло Втора Футсал лига кој требаше да се одигра на 10,05,2019 година во 18,00 во с.Липково.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбитена Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за молби и жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Доставено до**

- КМФ Карадаку
- КМФ Град Херој

- Мак Фудбал
- Архива

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Комисија за мал фудбал
Претседавач
Добре Иванов с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-932/2
08.05 2019 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач,Мартин Саздов –Член, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска-член , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-932/1 од 06.05.2019 година против Никола Серафимов со ИД 104429, фудбалер на ФК Брегалница 2008 АД исклучен од натпреварот одигран на ден 04.05.2019 година во рамки на 24 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Брегалница-Ф.К.Тиквеш 1930 поради добиен директен црвен картон , врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 08.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Против **Никола Серафимов со ИД 104429, фудбалер на ФК Брегалница 2008 АД** исклучен од натпреварот одигран на ден 04.05.2019 година во рамки на 24 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Брегалница-Ф.К.Тиквеш 1930 поради добиен директен црвен картон,**СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 2(два) првенствен/куп натпревар.**

2. Дисциплинската мерка тече од 05.05.2019 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за бр. 15-932/1 од 06.05.2019 година против Никола Серафимов со ИД 104429, фудбалер на ФК Брегалница 2008 АД исклучен од натпреварот одигран на ден 04.05.2019 година во рамки на 24 коло од Втора МФЛ помеѓу Ф.К.Брегалница 2008 АД - Ф.К.Тиквеш 1930 поради добиен директен црвен картон,ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителне делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:
На ден 04.05.2019 година е одигран натпреварот во рамки на **24** коло од Втора МФЛ помеѓу, Ф.К.Брегалница-Ф.К.Тиквеш 1930 на Градски Стадион во Штип .По завршување на натпреварот на играчот со број 5 **Никола Серафимов со ИД 104429, фудбалер на ФК Брегалница 2008 АД** му е доделен жолт директен црвен картон поради недолично однесување кон главниот судија на натпреварот. Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди дека пријавениот сторил прекршокод член 35 од ДП на ФФМ.Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид член 3 од ДП на ФФМ како и сите олеснителни и отежнителни околности кои постојат во конкретниот случај,а особено ги имаше во предвид тежината на сторениот прекршок,степенот на одговорностна сторителот,побудите од кои е сторен прекршокот,како и поранешното однесување на сторителот,по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**ФК Брегалница 2008 АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Деловоден број 0801-932/2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-935/2
08.05 2019 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова – Претседавач, Мартин Саздов -член и Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска –Член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари **бр. 15-935/1** од 06.05.2019 година против Ф.К.Шкупи 1927 АД поради слаба организација и користење на пиротехнички средтства,фрлање на терен пластични шишиња од страна на навивачите на Ф.К.Шкупи 1927 АД на натпреварот одигран во рамки на 32 коло Прва МФЛ одигран на ден 04.05.2019 година помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Вардар АД на Стадион Чаир во Скопје, на седницата одржана на ден 08.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. **СЕ ПОВЕДУВА** дисциплинска постапка против **Ф.К.Шкупи 1927 АД** поради слаба организација и користење на пиротехнички средтства,фрлање на терен пластични шишиња од страна на навивачите на Ф.К.Шкупи 1927 АД на натпреварот одигран во рамки на 32 коло Прва МФЛ одигран на ден 04.05.2019 година помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Вардар АД на Стадион Чаир во Скопје.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** овластено лице на **Ф.К.Шкупи 1927 АД** и службени лица на натпреварот да достават писмена изјава во врска со овој настан во рок од 3 дена од денот на приемот на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари **бр. 15-935/1** од 06.05.2019 година против Ф.К.Шкупи 1927 АД поради слаба организација и користење на пиротехнички средтства,фрлање на терен пластични шишиња од страна на навивачите на Ф.К.Шкупи 1927 АД на натпреварот одигран во рамки на 32 коло Прва МФЛ одигран на ден 04.05.2019 година помеѓу Ф.К.Шкупи 1927 АД-Ф.К.Вардар АД на Стадион Чаир во Скопје,одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Шкупи 1927 АД**
**Комисија за натпревари на ФФМ**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Судиски оддел на ФФМ**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-836/3
08.05 2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член, , постапувајки по пријавата на Комисијата за бр. 15-836/1 од 16.04.2019 година против Ф.К.Вардар АД поради слаба организација, користење на пиротехнички средства,извици на националистичко и неспортско скандирање,фрлање на пластично шише и тврди предмети во терен на натпреварот одигран во рамки на 28 коло Прва МФЛ одигран на ден 14.04.2019 година помеѓу Ф.К.Вардар АД –Ф.К.Шкендија АД одигран на Стадион во Маџари на седницата одржана, на 08.05.2019 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. **Ф.К.Вардар АД СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 1500(Илјада и петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВАФ.К.Вардар АД** , по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-836/1 од 16.04.2019 година против Ф.К.Вардар АД поради слаба организација, користење на пиротехнички средства,извици на националистичко и неспортско скандирање,фрлање на пластично шише и тврди предмети во терен на натпреварот одигран во рамки на 28 коло Прва МФЛ одигран на ден 14.04.2019 година помеѓу Ф.К.Вардар АД –Ф.К.Шкендија АД одигран на Стадион во Маџари ,постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај,изјава од клубот,изјава од челн на комисја за безбедност на ФФМ.

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: За конкретниот натпревар помеѓу Ф.К.Вардар -АД Ф.К.Шкендија АД Тетово-одигран во рамки на 28 коло Прва МФЛ на ден 14.04.2019 година во 16.00 часот на Стадион Борис Трајковски во Маџари, домашната екипа Ф.К.Вардар АД имала ангажирано приавтна агенција за обезбедување лица и имот Никоб 20 лица кои биле распоредени на влезовите на стадионот и на трибинскиот простор ,на натпреварот биле присутни припадници од МВР-СВР-ОВР 100 лица.

Навивачка група Комити во текот на натпреварот одигран во рамки на28 коло Прва МФЛ одигран на ден 14.04.2019 година помеѓу Ф.К.Вардар АД –Ф.К.Шкендија АД на Стадион Борис Трајковски во Маџари, ,неспортски се однесувала во текот на натпреварот и тоа во повеке наврати во 5 минута од натпреварот навивачката група Комити неспортски се

однесувала и навредувала на национална основа при што биле опоменати преку офцијалниот спикер на натпреварот но тие продолжиле со недоличното скандирање,во 9 минута натпреварот бил прекинат 3 минути поради таквото однесување на навивачката група на домашната екипа кога престанало недлоичното однесување на навивачите натпреварот продолжил со игра во 40 минута од натпреварот од страна на домашната навивачка група биле запалени поголем број на бакли но истите не биле фрлени во теренот за играво 88 минута од натпреварот од страна на домашната навивачка група Комити биле фрлени палстични шишиња на теренот од кои едно шише го погодило во глава фудбалерот на шкендија со број 16 Мевалн Мурати .

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдена фактичка состојба ,оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1,казнива по став 6 од истиот член на ДП на ФФМ.Комисијата при оцена за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ,каде е утврдено "Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи(навивачи),функционери,службени лица на клубот,било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување".Согласно на горенаведеното недвосмислено прозиглеува одговорнста на клубот за однесувањето на своите навивачиод ДП на ФФМ ,кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија,во кој се пропишани дисциплинските прекршоци ,видовите на казни,субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување .Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци .Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од ДП на ФФМ ,ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретнито случај,одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Вардар АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

ФФМ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0801-831/3
08.05 2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член, , постапувајки по пријавата на Комисијата за бр. 15-831/1 од 16.04.2019 година против Г.Ф.К.Тиквеш 1930, поради слаба организација, користење на пиротехнички средства,влегување на терен на неслужбено лице на натпреварот одигран во рамки на 21 коло Втора МФЛ одигран на ден 13.04.2019 година помеѓу Г.Ф.КТиквеш1930-Г.Ф.К. Вардар Неготино одигран на Градски Стадион во Кавадарци на седницата одржана, на 08.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. **Г.Ф.К.Тиквеш СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 1000(Илјада) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА Г.Ф.К.Тиквеш**, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-831/1 од 16.04.2019 година против Г.Ф.К.Тиквеш 1930, поради слаба организација, користење на пиротехнички средства,влегување на терен на неслужбено лице на натпреварот одигран во рамки на 21 коло Втора МФЛ одигран на ден 13.04.2019 година помеѓу Г.Ф.КТиквеш1930-Г.Ф.К. Вардар Неготино одигран на Градски Стадион во Кавадарци ,постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај,изјава од клубот,изјава од челн на комисја за безбедност на ФФМ.
Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:
За конкретниот натпревар помеѓу Г.Ф.К Тиквеш1930-Г.Ф.К. Вардар Неготино -одигран во рамки на 21 коло Втора МФЛ на ден 13.04.2019 година во 16.00 часот на Градски Стадион во Кавадарци, домашната екипа Г.Ф.К.Тиквеш 1930 имала ангажирано приавтна агенција за обезбедување лица и имот 20 лица кои биле распоредени на влезовите на стадионот и на трибинскиот простор ,на натпреварот биле присутни припадници од МВР-СВР-ОВР 30 лица.
Навивачка група на домашната екипа во текот на натпреварот одигран во рамки на 21 коло Втора МФЛ одигран на ден 13.04.2019 година помеѓу Г.Ф.КТиквеш1930-Г.Ф.К. Вардар Неготино на Градски Стадион во Кавадарци во 15 минута испукале топовски удар,во 60 минута запалиле поголема количина на бакњи и димни бомби кои биле фрлени покарј оградата од пламенот се зафатиле платенини транспаренти но по брзата реакција на

самите навивачи и одговорните од ППЗ при што имало прекин од 3 минут,во 65 минута од натпреварот од страна на домашната навивачка група повторно биле запалени неколку димни бомби и биле фрлени позади голот при што настанал 2 минутен прекин,во 82 минута при постигнување на гол за домашната екипа домашните навивачи повторно запалиле една димна бомба.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдена фактичка состојба ,оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1,казнива по став 6 од истиот член на ДП на ФФМ.Комисијата при оцена за направен прекршок и при самото одмерување на казната ги имаше во предвид член 51 став 1 од ДП на ФФМ,каде е утврдено "Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи(навивачи),функционери,службени лица на клубот,било на свој или на туѓ терен без разлика на превземените мерки за обезбедување".Согласно на горенаведеното недвосмислено прозиглеува одговорнста на клубот за однесувањето на своите навивачиод ДП на ФФМ ,кој што е акт на Фудбалската Федерација на Македонија,во кој се пропишани дисциплинските прекршоци ,видовите на казни,субјектите на дисциплинска одговорност и постапката за казнување .Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци .Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од ДП на ФФМ ,ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретнито случај,одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Г.Ф.К.Тиквеш 1930**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0801-782/3
08.05 2019 год.

Дисциплинска Комисија

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:,Арбен Борова – Претседавач,Мартин Саздов–-член, Дејан Бошков- член,,Сашка Зердеска-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-782/1 од 09.04.2019 година против Ф.К.Кораби , поради слаба организација на натпреварот одигран во рамки на 20 коло Втора МФЛ одигран на ден 06.04.2019 година помеѓу Ф.К.Кораби-Ф.К.Струга Трим Лум,на седницата одржана, на 08.05.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **Ф.К.Кораби СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 150(сто и педесет) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА Ф.К.Кораби** , по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата бр. 15-782/1 од 09.04.2019 година против Ф.К.Кораби , поради слаба организација на натпреварот одигран во рамки на 20 коло Втора МФЛ одигран на ден 06.04.2019 година помеѓу Ф.К.Кораби-Ф.К.Струга Трим Лум ,постапувајки по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот и Делегатски дополнителен извештај.

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: За конкретниот натпревар помеѓу Ф.К.Кораби-Ф.К.Струга Трим Лум одигран во рамки на 20 коло Втора МФЛ на ден 06.04.2019 година во 15-30 часот на Градски Стадион во Дебар ,домашната екипа Ф.К.Кораби немала ангажирано приватна агенција за обезбедување имот и лица ,имале ангажирано 8 клубски редари.При постигнување на погодок за гостинската екипа во 62 минута од натпреварот редарите кои биле во близина на помошникот судија бурно реагирале и вербално го нападнале помошниот судија,по интевренција на полицијата редеарите биле отстранети од теренот за игра ,а натпреварот продолжил во најдобар ред и завршил без никакви инциденти.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ.Комисијата при отцената за направен прекршок и при самото одмерување на казната го имаше во предвид член 51 од ДП на ФФМ каде е утврдено"Клубот одговара за однесувањето на своите гледачи(навивачи),функционери и службени лица на клубот,било на свој или туѓ терен без разлика на превзементие мерки за обезбедување.Согласно горенаведеното,недвосмислено произлегува одоговорноста на

клубот.Во таа насока целта на дисциплинското казнување е да се дејствува превентивно и воспитно во духот на спортската етика на сторителите на дисциплинските прекршоци.
Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите олеснителни околности што постојат во конкретниот случај,па согласно член 3 од ДП на ФФМ,одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ДН:**

**Ф.К.Кораби**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-837/3
08.05 2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: :Арбен Борова-Претседавач Мартин Саздов – Зам.Претседавач, Дејан Бошков- член,Сашка Зердеска член , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-837/1 од 17.04.2019 година против Миле Масларков-Претседател на Г.Ф.К.Тиквеш 1930 поради неспортски однос на натпреварот одигран во рамки на 21 коло Втора МФЛ одигран на 13.04.2019 година помеѓу Г.Ф.К.Тиквеш-Ф.К Вардар Неготино одигран на Градски Стадион во Кавадарци, на седницата одржана на ден 08.05.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Миле Масларков-Претседател на Г.Ф.К.Тиквеш 1930** му се изрекува дисциплинска казна забрана на вршење на функција во траење од 2 (два) месеци и парична казна во вредност од 500(петсто)Евра.
2. Казната почнува да тече од 14.04.2019 година.
3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување бр. 15-837/1 од 17.04.2019 година против Миле Масларков-Претседател на Г.Ф.К.Тиквеш 1930 поради неспортски однос на натпреварот одигран во рамки на 21 коло Втора МФЛ одигран на 13.04.2019 година помеѓу Г.Ф.К.Тиквеш-Ф.К Вардар Неготино одигран на Градски Стадион во Кавадарци, пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација записник од натпреварот,делегатскиот дополнителен извештај,изјава од пријавениот и изјавата од главниот судија на натпреварот изјава од комисија за безбедност.

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: Во 45 минута од натпреварот при еден дуел на домашниот играч со бр 19 Лазаров Андреј со ИД111542 и гостинскиот играч со бр.15 Митрев Дане со ИД102304 настанала турканица надвор од гол-аут линијата позади голот во тие моменти Претседателот на Г.Ф.К.Тиквеш 1930 кој не бил во записник на натпреварот како службено лице влегол позади гол аут линијата иако не смеел да биде тамуприи што дошло до вербална расправија со гостинските фудбалери и се обидел физички да се пресмета со нив,по завршување на првото полувреме Претседателот на

Г.Ф.К.Тиквеш 1930 Миле Масларков бил покрај тунелот кој води до соблекувалните и неспортски и недолично се однесувал кон гостинските фудбалери при што реагирал главниот судија на натпреварот и со помош на полицијата тој бил отсранет.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба,оцени декае направен прекршок согласно одредбата од член 47 член 49 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ.Комисијата при одмерување на казната го имаше во предвид член 11,а согласно член 3 од ДП на ФФМ ги зема во предвид сите олеснителни околности а особено ги имаше во предвид тежината на сторениот прекршок,степенот на одговорностна сторителот,побудите од кои е сторен прекршокот,како и поранешното однесување на сторителот,што постојат во конкретниот случај,по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Тиквеш 1930**

**Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0801-773/3
08.05 2019 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Мартин Саздов – зам.Претседавач, Сашка Зердеска -член и Дејан Бошков- член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-773/1 од 09.04.2019 година против Александар Ефтимов Претставник на Ф.К.Кожуф Гевгелија поради неспортски однос на натпреварот одигран во рамки на 20 коло Втора МФЛ одигран на 06.04.2019 година помеѓу Г.Ф.К.Вардар Неготино-Ф.К.Кожуф Гевгелија одигран на Градски Стадион во Неготино,на седницата одржана на ден 08.05.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На **Александар Ефтимов Претставник на Ф.К.Кожуф Гевгелија** поради неспортски однос на натпреварот одигран во рамки на 20 коло Втора МФЛ одигран на 06.04.2019 година помеѓу Г.Ф.К.Вардар Неготино-Ф.К.Кожуф Гевгелија одигран на Градски Стадион во Неготиному се изрекува дисциплинска казна забрана на вршење на функција во траење од **1(ЕДЕН) месец**.
2. Казната почнува да тече од 07.04.2019 година.
3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## Образложение

Комисијата постапувајќи по поднесена пријава од Комисија за натпреварување бр. 15-773/1 од 09.04.2019 година против Александар Ефтимов Претставник на Ф.К.Кожуф Гевгелија поради неспортски однос на натпреварот одигран во рамки на 20 коло Втора МФЛ одигран на 06.04.2019 година помеѓу Г.Ф.К.Вардар Неготино-Ф.К.Кожуф Гевгелија одигран на Градски Стадион во Неготино, пристапи кон разгледување на предметот и приложената документација делегатскиот дополнителен извештај и изјавата од главниот судија на натпреварот,изјава од пријавениот,ја утврди следната фактичка состојба.

На ден 06.04.2019 година е одигран натпреварот во рамки на 20 коло Втора МФЛ,помеѓу екипите на Г.Ф.К.Вардар Неготино-Ф.К.Кожуф на Градски Стадион во Неготино.Во 30 минута од натпреварот **Александар Ефтимов Претставник на Ф.К.Кожуф Гевгелија** ,неспортски и недолично се однесувал на кон судиите на натпреварот при што бил отсранет од натпреварот од страна на главниот судија на натпреварот Ралевски Благојче.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба,дисциплинската комисија утврди дека од страна на пријавениот со неговото дејствување е сторен прекршок од член 35 од ДП на ФФМ,за кој прекршок е предвидена дисциплинска санкција во член 35 став 1 алинеа 3 од ДП на ФФМ.Комисијата при одмерување на казната ги имаше во предвид сите олеснителни и отежителни околности на настанот,како и претходното однесување на пријавениот,пшо што согласно член 3 од ДП на ФФМ изрече дисциплинска мерка како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**

**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН-**

**ФК Кожуф Гевгелија**

**Натпреварувачка комисија**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**